Сиг. 0301-40-1

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

Инв. Бр. 2/5

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *ФИЛОЗОФИЈА*

**ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ**

**ЗА IV ГОДИНА**

**Скопје, 2003 година**

**Наставната програма ја одобри (донесе) Министерот за образование и наука со решение бр. 07-8142/1 од 24.12.2003 година.**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ФИЛОЗОФИЈА
**1.2. Вид на средно образование:** гимназиско
**1.3. Година на изучување на наставниот предмет:** четврта година
**1.4. Број на часови на изучување на наставниот предмет**
- **Број на часови неделно:** 2 часа
- **Број на часови годишно:** 66 часа

**1.5. Статус на наставниот предмет:** изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

### 2.1. Општа цел

Филозофијата како изборен предмет во четвртата година е насочен кон проблемското истражување на филозофското мислење. Тој служи младиот човек да се воведе во структурата, содржината, тематиката и методите на филозофското мислење. Паралелно со тоа се спроведува и редовен предмет по филозофија, во кој се изучува историја на филозофските идеи. Со ваквото комплементарно изучување на историјата и на проблемите на филозофијата ученикот ќе се здобие со изворна свест за дострелите и моќта на филозофското мислење да ги решава животните проблеми на луѓето, кои настојуваат да дојдат до изворни спознанија и да решат прашања во сите сфери.

### 2.2. Конкретни цели

Треба да се настојува на часот по филозофија кај ученикот да се поттикнува и развива:

- способност за разбирање на проблемите на филозофијата, на нејзиниот метод на мислење и за нејзиното значење на човечкото спознание;
- способност за разбирање на духовните стремежи на луѓето низ историјата и на одделните филозофски и научни откритија;

- способност за анализа, синтеза, апстракција и класификација во духовната сфера;
- способност за формирање исправен мисловен заклучок;
- способност за обмислување и поставување на прашања;
- способност за обмислување на проблеми во разни области и за поставување на прашања;
- способност за аргументирана дискусија во областа на филозофијата;
- способност за убаво и точно усно и писмено изразување;
- создавање потреба за постигнување повисоки духовни цели и стандарди;
- чувство за одговорност, самодоверба и чувство на сигурност и духовна стабилност;
- толеранција за идеите и животните ставови на другите;
- отворена, демократска граѓанска свест.

## 3. ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА ПОТРЕБНИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА НАСТАВАТА

Содржините од сите предмети што дотогаш ги учел ученикот се компатибилни со оваа програма по филозофија. Од особено значење се сознанијата што ученикот ги стекнува по предметот филозофија (редовен предмет).

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **I. ВОВЕД ВО ФИЛОЗОФИЈАТА**<br><br>**Што е филозофијата**<br><br>**Филозофијата како наука**<br><br>**Филозофија како основа на науките и врв на науките**<br><br>**Единство на филозофијата** | 7 | Ученикот:<br><br>- да се запознае со филозоф-скиот начин на мислење;<br><br>- да се запознае со смислата на филозофијата и со начините како филозофијата ги решава своите проблеми;<br><br>- да се запознае со структурата на филозофијата како наука и со нејзиното значење за научното мислење;<br><br>- да ја разбере филозофијата како единствено човечко спознание поврзано низ историјата и блиско во сите свои светски појави. | - Предметот на филозофијата низ дијалог се поврзува со предметот на другите науки; се организираат филозофски работилници по слободен избор;<br>- наставни средства: табла, книги, шеми, телевизор итн.<br><br>ПРЕДЛОЗИ ЗА МОЖНИ ТЕМИ ЗА ДИСКУСИЈА (ФИЛОЗОФСКА РАБОТИЛНИЦА)<br><br>Запрашаноста како основа за филозофското мислење<br><br>Филозофијата и настанокот на науките<br><br>Смислата и разбирањето на животот<br><br>Филозофијата како критика | - Филозофија;<br>- Етика;<br>- Социологија;<br>- Историја;<br>- Географија;<br>- Физика. |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **II. СУШТИНА И ФОРМИТЕ НА ПОСТОЕЊЕТО (ОНТОЛОГИЈА)**<br><br>**Што е битието**<br><br>**Категории на битието**<br><br>**Есенција и егзистенција**<br><br>**Структура на постојното**<br><br>**Природа**<br><br>**Детерминираност (законитост) на постоењето** | 10 | Ученикот:<br><br>- се запознава со суштината и категориите на битието;<br><br>- се запознава со современиот проблем на односот меѓу есенцијата и егзистенцијата;<br><br>- се запознава и ја разбира структурата на постојното во неговите нивоа, форми и различни појави;<br><br>- ги обопштува сознанијата за природата;<br><br>- се запознава со учењата за детерминираноста на постоењето. | - Наставни средства: табла, графоскоп, документарен филм, книги, фрагменти од филозофски текстови, шеми, слики на големи филозофи, телевизор, касети итн.<br><br>ПРЕДЛОЗИ ЗА МОЖНИ ТЕМИ ЗА ДИСКУСИЈА (ФИЛОЗОФСКА РАБОТИЛНИЦА)<br><br>Космосот како простор на човековото живеење (дали вселената е единствена?)<br><br>Љубовта како основа на постоењето<br><br>Конечноста и бесконечноста на светот<br><br>Како да ја чуваме природата?<br><br>Дали човековата судбина е однапред определена. | - Филозофија;<br><br>- Етика;<br><br>- Физика;<br><br>- Хемија;<br><br>- Биологија;<br><br>- Математика. |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **III. ШТО И КАКО СОЗНАВАМЕ (ГНОСЕОЛОГИЈА)**<br><br>**Субјект-објект релација**<br><br>**Спознанието и видовите на спознание**<br><br>**Што е вистината**<br><br>**Главни теории на спознанието**<br><br>**Јазикот и значењето** | 8 | Ученикот:<br><br>- ги осознава проблемите на односите меѓу субјектот и објектот;<br><br>- се запознава со суштината на спознанието;<br><br>- ја обработува проблематиката на видовите на спознанието;<br><br>- се запознава со основните теории за спознанието;<br><br>- се упатува во проблематиката на вистината и на нејзиното дофаќање;<br><br>- се запознава со учењата за јазикот и со структурата, нивоата и важноста на значењето. | - Наставни средства: табла, графоскоп, пано, книги, фрагменти од филозофски текстови, шеми, слики на големи филозофи, телевизор, касети итн.<br><br>ПРЕДЛОЗИ ЗА МОЖНИ ТЕМИ ЗА ДИСКУСИЈА (ФИЛОЗОФСКА РАБОТИЛНИЦА)<br><br>За вистината како највисока интелектуална вредност<br><br>Односот меѓу верувањето и знаењето<br><br>Дали има граници на спознанието?<br><br>Зошто луѓето зборуваат различни јазици | - Филозофија;<br>- Логика;<br>- Етика;<br>- Социологија;<br>- Историја. |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **IV. ШТО Е ЧОВЕКОТ (АНТРОПОЛОГИЈА)**<br><br>**Човекот како тема на филозофијата и на науката**<br><br>**Човековиот свет**<br><br>**Човекот како социјално и историско суштество**<br><br>**Душата и телото**<br><br>**Смислата на живеењето**<br><br>**Бог и човекот** | 11 | Ученикот:<br><br>- се запознава со проблематиката на човекот како тема на филозофијата и на науката;<br><br>- се упатува во филозофските аспекти на откривањето на човековиот свет;<br><br>- се запознава со основните ставови за човекот како социјално и историско суштество;<br><br>- се запознава со филозофскиот проблем на односот меѓу душата и телото;<br><br>- се запознава со проблемот на смислата на живеењето и со основните учења за целта и вредноста на животот. | - Наставни средства: книги, графоскоп, видео, евентуално информациона технологија; се организираат посети на библиотеки, изложби, театарски и филмски претстави.<br><br>ПРЕДЛОЗИ ЗА МОЖНИ ТЕМИ ЗА ДИСКУСИЈА (ФИЛОЗОФСКА РАБОТИЛНИЦА)<br><br>Човекот како тема на уметноста (литературата, театарот, сликарството, филмот)<br><br>Дали човекот е градител или уривач?<br><br>Кој ја води историјата?<br><br>Дали човек на човека му е човек или волк? | - Филозофија<br>- Етика;<br>- Педагогија;<br>- Социологија;<br>- Историја;<br>- Географија;<br>- Биологија. |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **V. ВРЕДНОСТА И ЖИВЕЕЊЕТО (АКСИОЛОГИЈА)**<br><br>**Што е вредноста**<br><br>**Вредностите, нормите и дејствувањето**<br><br>**Форми на вредностите (етички, педагошки, економски, правни, творечки и естетски, политички)** | 7 | Ученикот:<br><br>- се запознава со суштината, структурата и целта на аксиологијата;<br><br>- се упатува во механизмот на аксиолошкото дејствување - од вредностите, преку нормите, кон делото;<br><br>- ги осознава различните форми на вредностите во човечкиот живот. | - Наставни средства: табла, графоскоп, пано, книги, фрагменти од филозофски текстови, шеми, слики на големи филозофи, телевизор, касети итн.<br><br>ПРЕДЛОЗИ ЗА МОЖНИ ТЕМИ ЗА ДИСКУСИЈА (ФИЛОЗОФСКА РАБОТИЛНИЦА)<br><br>Како се прави хиерархија на вредностите?<br><br>Дали постојат вечни вредности?<br><br>Дали човекот живее за своите вредности?<br><br>Односот меѓу формите на вредностите (етиката и педагогијата, правото и политиката) | - Филозофија;<br>- Етика;<br>- Педагогија;<br>- Социологија;<br>- Логика;<br>- Историја. |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **VI. МОРАЛОТ И ДЕЈСТВУВАЊЕТО (ЕТИКА)**<br><br>**Етиката како форма на филозофското мислење**<br><br>**Автономија, хетерономија и слобода на волјата**<br><br>**Основни видови етички учења**<br><br>**Универзална етика на човештвото** | 9 | Ученикот:<br><br>- се запознава со етиката како област на филозофијата;<br><br>- се упатува на проблематиката на автономијата, хетерономијата и на слободата на волјата;<br><br>- ги изучува основните видови учења во етиката;<br><br>- се запознава со целите и методите за создавање на универзалната етика на човештвото и со нејзиното значење за создавање обединето човештво. | - Наставни средства: табла, графоскоп, пано, книги, фрагменти од филозофски текстови, шеми, слики на големи филозофи, телевизор, касети итн.<br><br>ПРЕДЛОЗИ ЗА МОЖНИ ТЕМИ ЗА ДИСКУСИЈА (ФИЛОЗОФСКА РАБОТИЛНИЦА)<br><br>За праведноста<br><br>Како делува совеста во личноста?<br><br>Треба ли човек да биде егоист?<br><br>Кои се основните вредности на современото човештво? | - Филозофија<br><br>- Етика;<br><br>- Социологија;<br><br>- Историја;<br><br>- Географија. |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **VII. ЧОВЕКОТ И ТВОРЕШТВОТО**<br><br>**Што е творештвото**<br><br>**Естетски карактер на творештвото**<br><br>**Културата и цивилизацијата**<br><br>**Основните теории за уметноста**<br><br>**Естетските карактеристики на уметничките жанрови**<br><br>**Значењето на творештвото и на уметноста за човекот** | **11** | Ученикот:<br><br>- се запознава со смислата на творештвото, со значењето на градењето и на естетското обликување;<br><br>- се упатува во сложениот проблем на естетиката на творештвото;<br><br>- се запознава со прашањето на постоењето и карактеристиките на културата и цивилизацијата;<br><br>- се запознава со основните теории за вредноста и стиловите во уметноста;<br><br>- се упатува во основните естетски карактеристики на уметничките жанрови. | - Наставни средства: табла, графоскоп, пано, книги, фрагменти од филозофски текстови, шеми, репродукции на делата на уметниците, слики на филозофи и на уметници, телевизор, ЦД, грамофон, касети итн.<br><br>ПРЕДЛОЗИ ЗА МОЖНИ ТЕМИ ЗА ДИСКУСИЈА (ФИЛОЗОФСКА РАБОТИЛНИЦА)<br><br>Што е постмодерна?<br><br>Која уметност најмногу ја сакате и зошто?<br><br>Дали ќе изумре уметноста?<br><br>Зошто филмот е најразвиена уметност на денешницата? | - Филозофија;<br><br>- Етика;<br><br>- Социологија;<br><br>- Ликовна уметност;<br><br>- Музичка уметност;<br><br>- Литература;<br><br>- Историја;<br><br>- Логика. |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **VIII. ФИЛОЗОФИЈАТА И ЖИВОТОТ (ЗАКЛУЧОК)**<br><br>**Значењето на филозофијата за осмислувањето на човековиот живот** | 3 | Ученикот:<br><br>- се воведува во согледбата за значењето на филозофијата за човековиот живот;<br><br>- се вклучува во расправа за смислата на филозофијата како врвно човечко сознание за вредноста на животот;<br><br>- дава свое резиме за сознанијата што ги здобил во текот на ова проблемско истражување на филозофијата. | - Се организира дискусија за значењето на изучувањето на филозофијата за нивното образование и за формирањето на светогледот. | - Филозофија;<br><br>- Етика;<br><br>- Социологија;<br><br>- Историја. |

## 4.2. Наставни методи и активности за учење

Во изборната наставата по филозофија треба да се користи комбинација на фронталната, индивидуалната, групната и тандем наставата, како и на директната и индиректната настава. Посебно внимание треба да се насочи кон почесто практикување на индивидуалната и групната форма на работа, како и на тандем формата. Индивидуалната форма на наставната работа овозможува секој ученик да се упати кон самостојна работа во текот на часот или надвор од наставата.

Во изборната настава по филозофија можат да се користат разни видови методи: монолог, дијалог, текст, демонстрација, посета на културни институции (изложба, театарска или филмска претстава, верски објект, археолошки локалитет итн.). Особено внимание треба да се посвети на дијалогот, како и работа со текст. Доколку е можно методологијата на презентирање на нови содржини, а особено на организирање на работилниците, треба да се комбинира со редовната настава по филозофија.

### *4.2.1. Видови наставни часови*

Основни видови часови се часовите за презентација на новите наставни содржини и часовите за утврдување, повторување, синтеза и корелација на наставните содржини. Покрај нив, предвидено е практикување и на часови за слободен избор на наставните содржини (филозофска работилница). Овој вид часови се воведува со цел секој наставник, следејќи го своето образование, сопствениот хабитус и интелектуалните амбиции, да може наставните содржини да ги приспособи на конкретните ученици во определен историски миг и културен контекст. Ова е важно дотолку повеќе што наставните програми - и по оваа изборна настава по филозофија - не можат да ги предвидат сите можни интересирања на конкретните ученици, кои со помош на професорот ќе ги примаат и совладуваат предвидените наставни содржини. Со востановувањето на часовите за слободен избор на наставните содржини се отвора пат за актуелизација и индивидуализација на наставната програма по филозофија. На овие часови може да се продлабочи и прошири веќе усвоениот материјал. Можат да се обработуваат изворни филозофски дела или фрагменти од филозофската литература. Можат да се организират посети на културни институции (музеи, галерии, театари, кина) каде на лице место, или потоа во училиштето, по разгледување на изложбите, театарските претстави и кинопроекциите, би се организирала филозофска дискусија врз основа на сообразната тематика и проблематика. На филозофски начин можат да се коментират и ТВ драми, серии итн. Може да се дискутира на теми што ги предлагаме во програмата. Но, најповеќе може да се разговара за проблемите што ќе ги наметнат учениците. Проблемите за кои ќе се дискутира можат и треба да бидат однапред

најавени. Во текот на реализацијата на содржините од слободен избор треба да се следи интересирањето, вклучувањето и напредување на учениците и на нивниот ангажман.

Ваквата поделба на наставните часови овозможува прецизна ориентација на наставникот при структуирањето на обработката на наставната тема, а, од друга страна, дава услови за приспособување на наставните содржини кон интересирањата, желбите и потребите на учениците.

При реализацијата на оваа наставна програма, на наставниците им предлагаме наставните содржини во рамките на наставните теми да ги распределат на следниот начин:

I. ВОВЕД ВО ФИЛОЗОФИЈАТА
од вкупно 7 часа предвидени за реализација на наставната тема:
4 часа да се планираат за презентирање на нови наставни содржини,
2 часа за повторување, утврдување, корелација и синтеза на наставните содржини,
1 час за слободен избор на наставни содржини - филозофска работилница (дискусија, истражување во групи, посети на културни институции и сл.)

II. СУШТИНА И ФОРМИТЕ НА ПОСТОЕЊЕТО (ОНТОЛОГИЈА)
од вкупно 10 часа предвидени за реализација на наставната тема:
6 часа да се планираат за презентирање на нови наставни содржини,
2 часа за повторување, утврдување, корелација и синтеза на наставните содржини,
2 часа за слободен избор на наставни содржини - филозофска работилница (дискусија, истражување во групи, посети на научни институции и сл.).

III. ШТО И КАКО СПОЗНАВАМЕ (ГНОСЕОЛОГИЈА)
од вкупно 8 часа предвидени за реализација на наставната тема:
5 часа да се планираат за презентирање на нови наставни содржини,
2 часа за повторување, утврдување, корелација и синтеза на наставните содржини,
1 час за слободен избор на наставни содржини - филозофска работилница (дискусија, истражување во групи, посети на културни институции и сл.).

IV. ШТО Е ЧОВЕКОТ (АНТРОПОЛОГИЈА)
од вкупно 11 часа предвидени за реализација на наставната тема:
6 часа да се планираат за презентирање на нови наставни содржини,
3 часа за повторување, утврдување, корелација и синтеза на наставните содржини,
2 часа за слободен избор на наставни содржини - филозофска работилница (дискусија, истражување во групи, посети на културни институции и сл.).

V. ВРЕДНОСТА И ЖИВЕЕЊЕТО (АКСИОЛОГИЈА)
од вкупно 7 часа предвидени за реализација на наставната тема:
3 часа да се планираат за презентирање на нови наставни содржини,
2 час за повторување, утврдување, корелација и синтеза на наставните содржини,
2 час за слободен избор на наставни содржини - филозофска работилница (дискусија, истражување во групи, посети на културни институции и сл.).

VI. МОРАЛОТ И ДЕЈСТВУВАЊЕТО (ЕТИКА)
од вкупно 9 часа предвидени за реализација на наставната тема:
4 часа да се планираат за презентирање на нови наставни содржини,
3 часа за повторување, утврдување, корелација и синтеза на наставните содржини,
2 час за слободен избор на наставни содржини - филозофска работилница (дискусија, истражување во групи, посети на културни институции и сл.).

VII. ЧОВЕКОТ И ТВОРЕШТВОТО
од вкупно 11 часа предвидени за реализација на наставната тема:
6 часа да се планираат за презентирање на нови наставни содржини,
3 часа за повторување, утврдување, корелација и синтеза на наставните содржини,
2 часа за слободен избор на наставни содржини - филозофска работилница (дискусија, истражување во групи, посети на културни институции и сл.).

VIII. ФИЛОЗОФИЈАТА И ЖИВОТОТ (ЗАКЛУЧОК)
од вкупно 3 часа предвидени за реализација на наставната тема:
1 час да се планира за презентирање на нови наставни содржини,
2 часа за тематско и глобално повторување, утврдување, корелација и синтеза на наставните содржини.

Наставникот во зависност од конкретната ситуација може и поинаку да ги распределува наставните содржини и да определува поинаков број часови за предавање, утврдување и слободен избор (филозофски работилици). Предлози за содржини што би можеле да се реализираат во рамките на работилници се дадени во наставната програма, но наставникот според сопствени афинитети или во договор со учениците може да изнајде и низа други решенија.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА УЧЕНИЦИТЕ

Наставникот треба да се труди да има увид во работата на секој ученик и тоа да го евидентира. Оценката, на тој начин, е последица на континуираната работа, учениците се мотивирани и постојано позитивно амбициозни, не се исплашени ниту напнати и се работи во пријатна интелектуална атмосфера. Оценувањето е (релативно) објективно, едноставно е, не бара посебно време, секој ученик може да ја креира сопствената оценка, оценките се мошне високи, нема кампањско испрашување за оценка, ниту се создава напната ситуација пред класификационите периоди.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставникот

Наставникот што ќе ја реализира наставната програма по филозофија како изборен предмет треба да поседува професионални, педагошки и лични квалитети. Тоа, пак, подразбира да биде личност отворена за соработка и комуникација; креативна; да поседува ентузијазам; да способност за јасно изразување.

### 6.2. Стандарди за наставниот кадар

Професор по филозофија (завршени студии по филозофија).
Магистер по филозофија (одбранета магистерска теза од областа на филозофијата).
Доктор по филозофски науки (одбранета докторска дисертација од областа на филозофијата).

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКАТА И НОСИТЕЛИТЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработката:** ноември 2003 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. Проф. д-р Кирил Темков, наставник по етика, естетика и филозофија на менаџерството на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје;
2. Д-р Стефан Сидовски, професор по филозофија во Гимназијата „Раде Јовчевски - Корчагин" во Скопје;
3. Доц. д-р Олга Пешевска -Заревска, наставник по методика на наставата по филозофија на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје;
4. Теута Зика-Рахмани, професор по филозофија и етика во Гимназијата "Зеф Љуш Марку" во Скопје;
5. Гордана Трајковска-Костовска, социолог - педагошки советник - Биро за развој на образование во Скопје.

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на започнување:** 1.09.2004 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ФИЛОЗОФИЈА

Наставната програма по предметот *филозофија* ја одобри (донесе): ____________________________________________

____________________________________________ со решение бр. ______________ од____________година.